# MARMOFIX
NATURA

## Технички податоци

**<u>Опис на производот</u>**

**MARMOFIX  Vollabrieb Extra Aussen**: Пастозен акрилен малтер од одличен квалитет и готов за употреба . Содржи агрегати од специјална големина што формира декоративна површина со рамна структура.

- Висока еластичност и одлична врзивост кон супстратот
- Многу добра одбојност кон водата
- Одлична паропропусливост
- Нема потреба за бојадисување на фасадата
- Отпорност кон бази (алкалии)
- Превенција на пукнатини, за разлика од обичните цементно варовни малтери

**<u>Препорачена употреба</u>**

**MARMOFIX  Vollabrieb Extra Aussen** може да се нанесе на сите видови на градежни материјали како малтери, бетон, цемент, цементни плочи, гипскартони, итн. Поради високата еластичност и одличното врзување за супстратот, исто така е идеален последен слој за надворешни, термално изолирани фасади.

# VOLLABRIEB
# EXTRA  Aussen




...GARANTIERTE
**QUALITÄT!**

Marmofix DOOEL Chelopek, Brvenica
Address: 101 Str, No. 3, Chelopek, 1216
Tetovo, R. North Macedonia
Tel: +389 75 211  222

www.marmofix.ch

## Технички карактеристики

| | |
|---|---|
| **Смола** | Акрилен кополимер |
| **Густина** | 1,80±0,03 gr/ml |
| **Паропропусливост** | V2 (EN ISO 7783-2, V2: Средна 0.14 ≤Sd<1.4m) |
| **Пропусливост на вода** | W3 (EN 1062-3, W3: Ниска w< 0.1 $kg/m^2h0.5$) |
| **Атхезија** | 0.4 MPa (EN 1542) |
| **Реакција кон оган** | Евроклaса C |
| **Потрошувачка** | 1.0mm 2,2kg/m2<br>1.5mm 2,5kg/m2<br>2.0mm 3,0kg/m2 |
| **Сушење** | 4-6 часа (23°C и 50% R.H.) |
| **Нијанси** | Достапна во бела боја и стотици нијанси преку системот за пигментизација MARMOFIXTINTING SYSTEM (MTS) |
| **VOC (Испарливи органски соединенија)** | Граничната вредност за овој производ од Категоријата „надворешни ѕидови од минерални супстрати“ A/c е 40g/l (2010). Производот содржи максимално 39g/l. |

## Подготовка на супстратот и инструкции за примена

- **Подготовка на супстратот**
  Супстратот треба да биде чист, сув и да не содржи дефективен и слабо врзан материјал, прашина, нечистотии, масла, и соли. Стари слоеви што можат лесно да се излупат треба да се отстранат.
  Површините треба да бидат третирани со подлогата **VORANSTRICH VA-150 Grund**.
  Површините со мувла и алги треба да се чистат/дезинфицираат пред да се нанесе подлогата.
- **Припрема и нанесување**
  **Метода на нанесување:** Челична глетарица
  **Разредувач:** Вода
  **Разредување:** готов за употреба
  **MARMOFIX Vollabrieb Extra Aussen** обично се нанесува во еден слој.

Пред употреба, мешајте го малтерот со рачен електричен миксер и, ако е потребно, да се разреди со мало количество вода за да се добие добра конзистентност. Проверете ја бојата на малтерот пред употреба.
**MARMOFIX Vollabrieb Extra Aussen** се нанесува со челична глетарица во дебелина на големината на зрното. Може да се структурира во зависност од температурата и влажноста од моментот на нанесување до 15-20 минути потоа. Конечниот поглед се добива со работење со пластична глетарица додека нанесената маса е уште влажна и обработлива.
Нанесувањето не треба да се врши при температури под +5°C и над +30°C. При и после сите нанесувања, производите треба да се чуваат од временските влијанија. Опремата да се чисти со вода веднаш по употреба.

## Складирање и ракување

Да се чува вон дофат на деца. Не се потребни посебни мерки при работа со **MARMOFIX Vollabrieb Extra Aussen**. Користете заштитни наочари, ракавици, и маска. Во случај на допир со кожата или очите мијте со обилно количество вода, и по потреба побарајте лекарска помош.
Остатокот од производот треба да се фрли во согласност со локалните правила. Не треба да се фрли во канализации или во околината. Сув или цврст остаток може да биде фрлен како остаток од градежните работи или како домашен отпад.
**MARMOFIX Vollabrieb Extra Aussen** треба да се складира на температури меѓу +5 °C и +25 °C и подалеку од сончевата светлина. Во оригинални, неотворени кофи и при горенаведените услови, **MARMOFIX Vollabrieb Extra Aussen** може да се складира за 24 месеци.

## Пакување

25 kg кофи

